# СТРАТЕГИЈА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*2017-2022*



*Мај, 2017*

ДЗЛП
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

ка Македонија 2017-2022

# СТРАТЕГИЈА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*2017 - 2022*

Проектот е финансиран од Европската Унија

**Издавач и автор**
Дирекција за заштита на личните податоци

**Лектура**
Дијана Ристова

**Печатење**
Пропоинт

**Тираж**
150 примероци

Оваа стратегија е изработена во рамки на проектот „**Поддршка за пристап до правото на заштита на личните податоци**" EuropeAid 135668/IH/SER/MK, финансиран од Европската Унија преку ИПА ТАИБ 2012 програмата и спроведен од Vialto Consulting од Унгарија, во соработка со IPS Институт од Словенија и Националното тело за заштита на личните податоци и слобода на информации од Унгарија. Ставовите и мислењата наведени во овој прирачник во ниеден случај не ги изразуваат ставовите на Европската Унија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.738:005.21(497.7)(035)

СТРАТЕГИЈА за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Македонија : 2017-2022. - Скопје : Дирекција за заштита на лични податоци, 2017. - 54, 52 стр. : табели ; 25 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Strategy on personal data protection in Republic of Macedonia : 2017-2022. - Обата текста печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамки на проектот: "Поддршка за пристап до правото на заштита на личните податоци EuropeAid /135668/IH/SER/MK"

ISBN 978-608-4682-30-1

а) Заштита на лични податоци - Стратегии - Македонија - Прирачници
COBISS.MK-ID 104896778

# СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ........ 6

**1. Предговор** ........ 7

**2. Вовед** ........ 8

**3. Пролог** ........ 10

**4. Главни фактори на влијание** ........ 13
- 4.1. Во чекор со дигиталната ера (е - средина) ........ 13
- 4.2. Измените во законодавството ........ 13

**5. Мисија и визија на Дирекцијата за заштита на личните податоци** ........ 15
- 5.1. Мисија ........ 15
- 5.2. Визија ........ 15
- 5.3. Вредности и принципи ........ 15

**6. Стратешки цели** ........ 16
- 6.1. Стратешка цел 1 - Република Македонија е препознаена како земја која обезбедува соодветно ниво на заштита на личните податоци ........ 17
- 6.2. Стратешка цел 2 - Воспоставување на самоодржлив систем за заштита на личните податоци ........ 18
- 6.3. Стратешка цел 3 - Континуирано зголемување на јавната свест и културата за заштита на личните податоци ........ 19
- 6.4. Стратешка цел 4 - Континуирано унапредување на усогласеноста помеѓу контролорите и обработувачите на личните податоци ........ 20
- 6.5. Стратешка цел 5 - Континуирана соработка со партнерите ........ 20
- 6.6. Стратешка цел 6 - Зголемена ефикасност на административните процедури ........ 21
- 6.7. Стратешка цел 7 - Ефективно справување со меѓународните прашања ........ 22
- 6.8. Стратешка цел 8 - Обучен и мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците ........ 22

**7. Стратешка мапа за референтниот период** ........ 24

**8. Следење на напредокот** ........ 25

**АНЕКС - Предлог за следење на имплементацијата на Стратегијата за заштита на личните податоци 2017 - 2022** ........ 26

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| Кратенки | Име |
|---|---|
| **ДПА** | Орган за заштита на личните податоци |
| **ОЗЛП** | Офицер за заштита на личните податоци |
| **ДЗЛП** | Дирекција за заштита на личните податоци |
| **НТЗЛП** | Надлежно тело за заштита на личните податоци |
| **ЕУ ЗЧ** | Земји членки на ЕУ |
| **GDPR** | Општа регулатива за заштита на податоци |
| **ЗЗЛП** | Закон за заштита на личните податоци |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ЛП** | Лични податоци |
| **ОВЛП** | Оценка на влијанието на личните податоци |
| **ЗЛП** | Заштита на личните податоци |
| **ОК** | Обезбедување квалитет |
| **РМ** | Република Македонија |
| **ОнО** | Обука на обучувачи |
| **WS** | Работилница |

# 1. ПРЕДГОВОР

Овој документ е втор стратешки документ за заштита на личните податоци на Република Македонија и претставува круцијален документ кој ја опишува состојбата на системот за заштита на личните податоци на национално ниво, како и изразување на потребата и визијата да се има комплетен и модерен пристап кон заштитата на човековото право за заштита на личните податоци.

Во таа смисла, воведовме нови предизвици и активности кои треба да се исполнат во наредниот период, имајќи ги предвид националните и меѓународните барања кои треба да бидат исполнети, имајќи ги предвид основните начела на независност како и потребата од професионалност, транспарентност и квалификуван персонал во рамките на Дирекцијата.

Во Стратегијата предвидовме силна гаранција за приватноста на личните податоци преку воспоставување систем за превенција, почитување и разбирање на правата и обврските. **Приватноста на личните податоци** претставува поврзан однос меѓу собирањето и објавувањето на податоци, технологијата што се користи, очекувањата на јавноста во однос на приватноста, како и правно-политичките прашања кои се во нивното опкружување.

Сепак, се чувствуваме најодговорни да укажеме дека ниту една личност или ентитет нема да ги види резултатите од својата работа доколку целото општество не е фокусирано и вклучено во остварувањето на очекувањата преку прифаќање на обврските кои што настануваат во однос на заштитата на личните податоци во процесот на нивната обработка.

# 2. ВОВЕД

Согласно Законот за заштита на личните податоци од 2005 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005), основана е **Дирекцијата за заштита на личните податоци**, надлежна за вршење надзор на законитоста на обработката на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија.

Во Република Македонија правото на заштита на личните податоци е регулирано во член 18 од Уставот на Република Македонија од 1991 година. „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците" додека правото на приватност е дефинирано во член 17, 25 и 26 од Уставот.

Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005) и измените и дополнувањата на Законот („Службен весник на РМ" бр. 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135 / 2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016) ја прикажува усогласеноста со Директивата на Европскиот парламент и на Советот 95/46/ЕЗ и другите меѓународни инструменти или национални чинители.

Постојат одредби за заштитата на личните податоци и во многу секторски закони како што се: Закон за кривична постапка, Закон за здравствена заштита, Закон за полиција, Закон за електронски комуникации, итн.

Правната рамка за заштитата на личните податоци во земјата го дополнува Законот за ратификација на **Конвенцијата на Советот на Европа бр.108/81 за заштита на физички лица која се однесува на автоматската обработка на личните податоци** „Службен весник на РМ" број 07/2005), ратификувана на 24.3.2006 година и влезена во сила на 1.7.2006 година. Собранието на Република Македонија во 2007 година го ратификува Дополнителниот Протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на лични податоци, во врска со надзорните тела и преку - граничен пренос.

Правото на заштита на личните податоци и правото на приватност се различни човекови права. Поради големото значење на приватноста на поединецот, во повеќето земји правото на приватност е регулирано на уставно ниво, како што е случај со Република Македонија.

Правото на приватност во Уставот на Република Македонија опфаќа некои основни права како што се: на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот / нејзиниот личен и семеен живот, на достоинството и угледот, на секој граѓанин му се гарантира неповредливоста на домот, **сигурноста и тајноста на личните податоци.** (Овие права можат да се ограничат само во случаи утврдени со закон и преку соодветни законски мерки).

За целите на контрола на законитоста од преземените активности при обработката и заштита на личните податоци, Дирекцијата за заштита на личните податоци е основана на 22 јуни 2005 година, кога е именуван првиот директор. Дирекцијата за заштита на личните податоци е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Овој статус обезбедува независност во однос на извршната, законодавната и судската власт, како и во однос на органите на локалната самоуправа.

Со Дирекцијата раководи директор, кој го именува Собранието, за период од 5 години со право на еден повторен избор.

Директорот има заменик. Пред стапување на функцијата директорот и заменикот на директорот даваат свечена изјава пред претседателот на Собранието на Република Македонија. За својата работа директорот и заменикот се одговорни пред Собранието.

Директорот доставува Годишен извештај за работата на Дирекцијата до Собранието на Република Македонија. По потреба и по барање на Собранието на РМ, директорот доставува дополнителен извештај. Директорот ги донесува и усвојува сите одлуки во врска со работата на Дирекцијата.

Дирекцијата за заштита на личните податоци има 25 вработени од кои 22 вработени [1] со високо образование имаат статус на административни службеници, и имаат соодветно искуство во одредени области, релевантни за исполнување на обврските и надлежностите на Дирекцијата.

Седиштето на Дирекцијата е на адреса: бул. „Гоце Делчев" бр. 18, МРТВ зграда, 14 кат, Скопје.

[1] *Состојба 31.12.2016 година*

# 3. ПРОЛОГ

Овој документ ги сумира резултатите од процесот на подготовка на стратегија во 2016 година. Стратешкиот документ е изработен со експертска поддршка и придонес на вработените од Дирекцијата за заштита на личните податоци со цел да се покаже цврстата определба за зајакнување на нејзината улога како креатор на политиките во оваа област.

Работилници беа одржани со офицерите за заштита на личните податоци и другите засегнати страни и по многуте дискусии во рамките на Дирекцијата произлегоа одговори на прашањата во врска со приоритетите и резултатите кон кои се стремиме.

Како основа ја имавме предвид и претходната стратегија, со цел поставување на вистинскиот камен-темелник за новите почетоци. За таа цел, се спроведе внатрешна и надворешна ревизија на Акцискиот план 2012-2016 за спроведување на Стратегијата за период 2012-2016 со фокусирање на реалните/мерливи резултати и воспоставување на методологијата за евидентирање на активностите. Беа презентирани следните резултати: „Вкупниот број на реализирани активности во периодот 2012-2014 година е 62,5% од активностите наведени во Акцискиот план 2012-2016 година. Врз основа на претходно утврдените рокови за реализација, во Акцискиот план за 2012-2016 година, постои висок степен на реализација пред крајниот рок, што значи дека е постигнат значителен напредок во работата на институцијата.




*Табела. бр.1*

Сепак, голем придонес беше обезбеден преку јавните анкети подготвени во претходните години и јавни истражувања организирани во кампањи за кои што сите укажаа дека сме на добар пат за постигнување на резултатите.

Табелата подолу ги сумира резултатите од оценката на сегашната состојба (SWOT-анализа) од областа на заштитата на личните податоци:

| **Предности** | **Слабости** |
|---|---|
| • Воспоставена институционална рамка (постоење на ДЗЛП)<br><br>• Усогласеност на Законот за заштита на личните податоци со ЕУ-легислативата и меѓународните документи<br><br>• Активен систем на обуки<br><br>• Воспоставен систем на ОЗЛП<br><br>• Правилник за внатрешна и надворешна контрола<br><br>• Подготвеност да се биде во чекор со најновите ИТ-технологии<br><br>• Искусен и посветен кадар на ДЗЛП | • Недостаток на целосно усогласување на посебните закони со ЗЗЛП и европските стандарди<br><br>• Ограничени ресурси (персонал и финансии) на ДЗЛП<br><br>• Статус/поддршка на ОЗЛП во рамките на нивните организации<br><br>• Ниско ниво на влијанието на приватноста и оценка на безбедноста на податоците во ИТ-активности / интерконекции<br><br>• Сѐ уште постои потреба за понатамошно јакнење на свеста и културата за заштита на личните податоци |

| Можности | Закани |
|---|---|
| • Користење на средствата од ЕУ / понатамошна стручна поддршка<br><br>• Вклучување на НВО-секторот<br><br>• Отворање на процесот за пристапување кон ЕУ<br><br>• Проширување на меѓународната соработка, размена на искуства и информации | • Постоење на политичка криза Усвојување на регулативите во итна постапка<br><br>• Други приоритети на политиката (безбедносни, секторски, политички...) може да го ослабнат влијанието<br><br>• ЗЛП излегува од фокусот на интерес, поради критични настани / вонредна состојба (инциденти, природни непогоди, политички или економски кризи итн.)<br><br>• Доцнење со пристапувањето во ЕУ |

# 4. ГЛАВНИ ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ

## 4.1. Во чекор со дигиталната ера (е - средина)

Во текот на подготовката на овој документ беа земени предвид неколку глобални трендови кои влијаат на механизмот за заштита на личните податоци со цел да се биде на едно подготвително ниво за да се одговори на предизвиците на прашањата како што се:

- Глобалните трендови на дигитализацијата: резултираа со сѐ поголемо вмрежано општество, брзо ширење на информациите преку интернет, обемна анализа на податоци, дигитална економија, „smart living" - паметно живеење, концепти на е-влада со бази на податоци кои се поврзани меѓу себе;
- Континуираната глобализација резултира со зголемување на меѓународниот проток на податоци, дури и од лична природа;
- Соочувањето со прашањата од националната и глобалната безбедност има сѐ поголема важност, бидејќи истите влијаат и на сферата на приватноста на граѓаните;
- Зголемувањето на степенот на важноста во однос на едукација на децата за правото за заштита на личните податоци;
- Зголемените барања на заедницата и општеството за отчетност и транспарентност, уште повеќе ја зголемуваат контролата на надзорните органи и ја подобруваат соработката.

## 4.2. Измените во законодавството

Европската Унија го даде својот одговор на предизвиците од глобалните трендови споменати погоре преку целосно редефинирање на законската рамка за заштита на личните податоци и со донесување на следните прописи:

- Новата Регулатива 2016/679 (GDPR - Општа регулатива за заштита на личните податоци) која целосно ја заменува Директивата 95/46/ЕЗ ќе биде директно применлива од 25 мај 2018 година во сите земји членки на ЕУ.
- Новата директива 2016/680 (Директива за заштита на физички лица во однос на обработката на лични податоци од страна на надлежните органи за целите на превенција, истражување, откривање или гонење на

кривични прекршоци или извршување на изречените казни и за слободно движење на таквите податоци ), која ќе биде транспонирана од страна на земјите членки до 6 мај 2018 година.

- Новиот предлог за Регулатива на приватноста и електронските комуникации која ќе ја зголеми приватноста на граѓаните на нивниот приватен живот и ќе отвори нови можности за бизнис. Оваа нова Регулатива е сеуште во фаза на одобрување и ќе ја замени Директивата 2002/58/ЕК............

Иако Република Македонија не е членка (со статус на кандидат од 2006 година), основен интерес на земјата е да го усогласи националното законодавство со горенаведеното ЕУ законодавство. Најважните новини (релевантни и за Република Македонија) се ревидираниот пренос на лични податоци во земји надвор од ЕУ; нови права на субјектите на личните податоци и нови методологии за обезбедување усогласеност; зголемување на улогата и одговорноста на надзорните тела (ДПА-та); новата институционална структура и нови правила на соработка помеѓу ДПА-та.

# 5. Мисија и визија на Дирекцијата за заштита на личните податоци за период 2017 - 2022

Имајќи го предвид сето ова погоре се согласивме на следново:

## *5.1. Мисија*

**Нашата мисија е јакнење, промоција и заштита на приватноста на податоците на физичките лица преку спроведување надзор, давање насоки, како и мислења во согласност со законските прописи.**

## *5.2. Визија*

**Нашата визија е да бидеме препознатлив заштитник и промотор на правото на приватноста на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци, со мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците од дигиталната ера.**

## *5.3. Вредности и принципи*

Со цел да се има заедничка основа на организациско и персонално ниво ние ги следиме следниве вредности и принципи:

- Непристрасност - да се биде независен и објективен во работата во рамките на дадената законска и политичка рамка;
- Транспарентност - го објаснува она што го правиме и зошто го правиме, на јасен јазик кој е разбирлив за сите;
- Прагматизам - разбирање на потребите на нашите клиенти да бараат решенија кои функционираат во пракса;
- Интегритет - помеѓу останатите, да се спроведуваат и следат истите правила за заштита на лични и деловни податоци;
- Поддршка, пропорционалност и конзистентност - прво да се обезбеди поддршка со цел да се разберат обврските и да се добие усогласеност со законските прописи, да се одговори пропорционално во однос на повредата на правото, да се стави во сила спроведувањето на одлуките и решенијата.

# 6. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Со цел да се исполни мисијата и визијата, издвоени се најважните стратешки цели за нивното спроведување.

Со цел да служат на **основниот интерес на Република Македонија** (како основач на системот на заштита на личните податоци и Дирекцијата за заштита на личните податоци) ги имаме дефинирани следниве стратешки цели:

- **Стратешка цел: 1**

Република Македонија е препознаена како земја која обезбедува соодветно ниво на заштита на личните податоци.

- **Стратешка цел: 2**

Воспоставување на самоодржлив систем за заштита на личните податоци.

Со цел да ја исполниме нашата мисија и да им служиме на нашите **клиенти (физички лица, контролори и обработувачи како и партнер организациии)** во согласност со нашата визија ги имаме дефинирано следниве стратешки цели:

- **Стратешка цел: 3**

Континуирано зголемување на јавната свест и културата за заштита на личните податоци.

- **Стратешка цел: 4**

Континуирано унапредување на усогласеноста на контролорите и обработувачите на личните податоци.

- **Стратешка цел: 5**

Континуирана соработка со партнерите.

Со цел да се овозможи гореспоменатиот **развој во рамките на Дирекцијата** ги имаме дефинирано следниве стратешки цели:

- **Стратешка цел: 6**

Зголемување на ефикасноста на административните процедури.

- **Стратешка цел: 7**

Ефективно справување со меѓународните прашања.

Сето ова е остварливо само доколку постои **подготвен и мотивиран експертски тим,** па затоа ја имаме дефинирано следнава стратешка цел:

- **Стратешка цел: 8**

Обучен и мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците.

Подолу е дадено подетално објаснување на целите и задачите, додека во Прилогот се дефинирани дејствијата и активностите потребни за исполнување на целите и задачите.

## *6.1. Стратешка цел 1 - Република Македонија е препознаена како земја која обезбедува соодветно ниво на заштита на личните податоци*

Република Македонија со цел да служи на нејзиниот основен интерес, во однос на заштитата на личните податоци кои се во согласност со законодавството кое треба да биде усогласено со европските стандарди и праксата, како и обезбедување на соодветно ниво на заштита на личните податоци.

### *6.1.1. Постигнување на соодветност (одобрено од Комисијата на ЕУ)*

Изјава за соодветноста ќе биде издадена од страна на Европската комисија, по темелно испитување на системот за заштита на личните податоци на одредена земја. Критериумите  преносот на податоци врз основа на одлука за соодветност се дефинирани во GDPR (Член 45)_ процедурата детално ќе биде координирана од страна на Европската Комисија..

### *6.1.2. Хармонизација на законодавството (ЗЗЛП со GDPR, подзаконските акти со новиот ЗЗЛП, секторското законодавство со ЗЗЛП и ЕУ легислативата од соодветната област)*

Со цел да се постигне потребното ниво на соодветност, очигледно е дека е потребно усогласување на законската регулатива на различни нивоа: хармонизација на националниот ЗЗЛП со GDPR; усогласување на законодавството на различни сектори со новиот ЗЗЛП; усогласување на подзаконските акти со новиот ЗЗЛП и соодветно прилагодување на интерните акти.

## 6.2. Стратешка цел 2 - Воспоставување на самоодржлив систем за заштита на личните податоци

Друг услов за постигнување на соодветноста е стабилно и законито функционирање на целиот систем за заштита на личните податоци. Системот треба да работи на законски, транспарентен, контролиран и самоодржлив начин. За да се постигне овој статус треба да се исполнат следните цели:

### 6.2.1. Јакнење на позицијата на независен надзорен орган (во согласност со критериумот на независност заснован на GDPR, член 52)

Независниот надзорен орган (сега: Дирекција за заштита на личните податоци) има клучна улога (мисија) во промовирање, зајакнување и заштита на личните податоци на физичките лица, преку надзор, насоки и законски мислења. Со цел да се овозможи сето ова, постоечкиот закон и новиот Закон за заштита на личните податоци (во согласност со GDPR) треба да ги дефинираат условите за независност (автономност во донесувањето одлуки, соодветни финансиски и човечки ресурси, правила за именување и разрешување и др.). Сите неопходни чекори треба да се остварат со цел да се обезбеди практична примена на овој критериум за независност.

### 6.2.2. Добивање статус на сертификационо тело (во согласност со новиот ЗЗЛП, врз основа на GDPR, член 42-43)

Една од најефикасните алатки за да се постигне усогласеност на обработувачите и контролорите со правилата за заштита на личните податоци е сертификација на нивниот систем на обработка на личните податоци. Со овој проактивен пристап може да се намалат голем број ризици кај контролорите/обработувачите и исто така може да биде поддржана ефективната употреба на ресурсите на ДПА. Најефикасниот и едноставен начин да се постигне таков систем за сертификација (со оглед на карактеристиките на нашата земја) е доколку Дирекцијата за заштита на личните податоци добие статус на сертификационо тело со новиот закон за заштита на личните податоци.

### 6.2.3. Јакнење на улогата на офицерите за заштита на личните податоци (во согласност со новиот ЗЗЛП, како и обезбедување поддршка, обуки, итн.)

Иако системот на офицерите за заштита на лични податоци е добро воспоставен од страна на постојното законодавство, еден од најчесто споменуваните недостатоци на сегашната состојба е дека позицијата на ОЗЛП-то во нивните организации е слаба и изолирана. Со оглед на фактот што офицерите за заштита на личните податоци имаат клучна улога во обезбедувањето усогласеност, многу е важно да се зајакне нивната позиција во рамките на

нивните организации. Овој процес на репозиционирање може да биде поддржан и преку јакнење на нивната професионална поддршка од страна на Дирекцијата, создавање мрежа на ОЗЛП, како и обезбедување редовни обуки за нив.

## *6.3. Стратешка цел 3 - Континуирано зголемување на јавната свест и културата за заштита на личните податоци*

Покрај тоа што во изминатиот период од страна на Дирекцијата и нејзините партнери се организираа и спроведоа многу успешни програми и акции за подигање на јавната свест, сèуште веруваме дека постои силна потреба за подигање на нивото на свеста на граѓаните за важноста на заштитата на приватноста на личните податоци од една страна и од друга страна, пак, исто така треба да се подобри општата култура при обработката на личните податоци од страна на контролорите, обработувачите и корисниците (концептот на „ privacy by default " соодветна техничка и стандардна заштита на податоците треба да биде општо распространет).

### *6.3.1 Зголемено ниво на знаење на граѓаните за нивните права за заштита на личните податоци (предвидена е одвоена стратегија за комуникација за поддршка на оваа активност)*

Почитувањето на приватноста, како и потребата за правото на заштита на личните податоци е едно од основите на општеството и економијата. Основниот концепт е земен предвид при дефинирање на Комуникациската стратегија на Дирекцијата за заштита на личните податоци (2017-2022) за следниот период, како и при дефинирање на конкретни активности во рамките на оваа цел.

### *6.3.2. Зголемен степен на спроведени одлуки, којшто бара зголемен број на спроведени контролни надзори*

Како што е веќе наведено погоре помеѓу вредностите и принципите, Дирекцијата ќе го следи пристапот така што прво ќе обезбеди поддршка за да се разберат обврските, да се реагира соодветно при повреда на правото и како трето да се зајакне спроведувањето на одлуките. Очекуваниот резултат е дека процентот на усогласеност и процентот на бројот на спроведените одлуки на Дирекцијата значително ќе се зголеми.

### *6.3.3. Усвојување на секторски кодекси на однесување за заштита на личните податоци, како алатка која ја поддржува саморегулацијата насочена кон усогласеноста на одредени сектори*

Во многу земји клучни групи на контролори и обработувачи подготвија кодекси на однесување за да ги постават стандардите во областа за заштита на личните податоци и приватноста. Ова е еден вид на саморегулирање, со

одредена контрола (одобрување на кодексите) од страна на ДПА-та, обезбедување заштита за контролорите/обработувачите, а исто така и за субјектите на личните податоци. Дирекцијата ќе ги охрабри претставниците од различни сектори да подготват такви алатки.

## *6.4. Стратешка цел 4 - Континуирано унапредување на усогласеноста помеѓу контролорите и обработувачите на личните податоци*

Ова ќе биде еден од главните фокуси на многуте активности на Дирекцијата во следниот период. Има многу компоненти кои исто така се дел од стратешките цели, но затоа ние ќе наведеме само една, ама многу објективна:

### *6.4.1. Подобрување на алатките за отчетност (оценка на влијанието врз заштитата на личните податоци, приватност на дизајн, ревизор итн.), кои што ги поддржуваат контролорите / обработувачите за да спроведат систем кој е усогласен со правилата на ЗЗЛП*

Како што технологијата станува сѐ покомплексна, така и брзиот раст на квантитетот на обработените податоци се зголемува, а со тоа и ризикот за обработка на личните податоци, воедно и понатамошните активности, кои ја осигуруваат усогласеноста на процедурите за обработка на личните податоци, стануваат сѐ поскапи. Затоа активностите „ex-ante" кои обезбедуваат усогласеност сѐ повеќе се во фокус. Дирекцијата ќе ги поддржи контролорите и обработувачите, нудејќи широк спектар на техники и алатки за подобрување на нивната одговорност во однос на „ex-ante" контролата. Нашата цел е да се промовира, колку што е можно повеќе, широката употреба на техники меѓу контролорите и обработувачите.

## *6.5. Стратешка цел 5 - Континуирана соработка со партнерите*

Правото на заштита на личните податоци не е „изолирано" право, туку има и многу други сродни права (поголемиот дел од компонентите на „приватноста"), но исто така и некои спротивставени права (на пример, националната безбедност, правото на слободен пристап до информации од јавен карактер итн.). Иако главната надлежност на Дирекцијата е да се занимава со надзор над законитоста на обработката на личните податоци на физички лица, во многу случаи субјектите на личните податоци не се во состојба или не се доволно информирани за своите права. Затоа НВО имаат зголемена улога за информираност и едукација за правото на заштита на личните податоци, како и правото на приватност. Во таа насока, сметаме дека не само државните органи, туку и граѓанското општество, како партнери, се одговорни за промовирање на соседните или конкурентните права.

### 6.5.1. Зголемена соработка со државните тела и приватниот сектор

Во изминатиот период воспоставена е соработка со различни државни институции, тела (како меморандум со КОМСПИ, соработка со народниот правобранител). Бројот на државните институции и тела со кои се соработува треба да се прошири и да се пополни со вистинска содржина (заеднички активности, заеднички настани, обуки и др.), со цел да се зголеми ефикасноста на промовирање на комплексноста на правата.

### 6.5.2. Зајакната соработка со НВО

Невладините организации може да имаат различно влијание во промовирањето на заштитата на личните податоци, од една страна, во некои случаи поефективно, од субјектите на податоците, а од друга страна, тие исто така може да бидат многу добри партнери во зголемувањето на јавната свест или на специфични групи на јавноста. Двете групи може да бидат многу активни ако постои добра и ефективна соработка помеѓу Дирекцијата и релевантни граѓански организации. Поради тоа во прилог на нашата мисија, нашата цел ќе биде да се искористат сите потенцијални придобивки од овој тип на соработка.

## 6.6. Стратешка цел 6 - Зголемена ефикасност на административните процедури

Овие значајни развои може да се постигнат доколку нашите внатрешни процедури и понатаму се развиваат со цел да се зголеми ефикасноста и професионалноста на Дирекцијата. Како Дирекција која се финансира највеќе од државниот буџет (вклучително остварени сопствени приходи и во крајна линија од граѓаните), наша одговорност е да им служиме на клиентите на најефикасен начин и во корист на нивните интереси.

### 6.6.1. Воведување нови технологии (on-line инспекција, електронско постапување по случаи, итн.)

Постојат нови технологии кои ги поддржуваат не само нашите клиенти туку исто така и потенцијалните алатки за зголемување на ефикасноста на нашите активности. Некои од овие алатки се во фаза на спроведување (како on-line случаите покренати од страна на граѓаните), но некои се сосема нови, дури и кај ДПА-та во земјите членки на ЕУ. Наша цел е да се најдат повеќе реални и соодветни алатки за спроведување на нашите рутински активности со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста на нашата работа, како и да одговараат на новите технологии кои се применуваат од страна на нашите клиенти.

### *6.6.2. Зајакнување на системот Ex officio за постапување по случаи на очигледно / утврдено прекршување на ЗЛП*

Оценката на последните случувања во овие неколку години е дека Дирекцијата ја препозна потребата од поголем систематски приод за да се следат случаите на веројатно прекршување на правилата за заштита на податоците. Новиот ЗЗЛП ќе постави попрецизни правила за обврските на контролорите и обработувачите за известување за прекршувања на личните податоци. Нашата цел е да се воспостави систем на набљудување, оценување и систем за покренати случаи на утврдени или очигледни прекршувања.

### *6.6.3. Одговор во согласност со системот за квалитет*

Ние веќе имаме воспоставено систем за квалитет, врз основа на ISO 9001 стандардите. Целта ни е за сите постапки и случаи да се постапува во согласност со правилата утврдени од страна на системот, особено за оние кои што имаат влијание на кој било од нашите клиенти.

## *6.7. Стратешка цел 7 - Ефективно справување со меѓународните прашања*

Нашата земја е интегрирана во европските и светските текови на бизнисот, културата, социјалниот живот и безбедноста. Како што е опишано погоре, во правилата на прекуграничниот пренос на личните податоци, ќе се формира и Европско надзорно тело за заштитата на личните податоците. Новите концепти на соработка се во фаза на подготовка (како што е „one stop shopping" целокупен услужен систем на ДПА-та).

### *6.7.1. Активна соработка со ДПА-та од други земји, Одборот и Комисијата за меѓународни случаи (следење на новите правила од меѓународен пренос на лични податоци)*

Дирекцијата е веќе вклучена во повеќе меѓународни организации и настани и веќе има одредено искуство во соработка со други ДПА. Оваа состојба треба и понатаму да се развива и трансформира во проактивен пристап. Оваа цел треба да ги исполни концептите за соработка и развој на институционалната поставеност кои сѐуште се во развој.

## *6.8. Стратешка цел 8 - Обучен и мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците*

Сите овие општи и специфични цели може да се постигнат само од страна на добро обучен, професионален и мотивиран тим кој делува во согласност со

неговите задачи и одговорности, како и преку лична мисија која е во насока да придонесува на мисијата и визијата на Дирекцијата. Постојат две главни компоненти на исполнување на оваа цел: постојано надоградба на знаењето на тимот и неговите членови, како и одржување на нивото на мотивација на сите членови на тимот со цел исполнување на општите цели.

### *6.8.1. Обучен тим - развој на вештини*

Административните службеници од Дирекцијата поседуваат посебни знаења и вештини кои одговараат на барањата на задоволување на тековните предизвици од нивната работа. Во тек се програми за едукација на нови технологии, нови начини на справување со случаи, итн. Нашата цел е дека континуираното знаење и вештини кои се креираат преку тимската работа и постојани обуки треба и понатаму да се интензивираат, бидејќи за предизвиците што се последица на глобалните трендови, како што е опишано погоре, потребна е мултидисциплинарна експертиза, вештини на анализа за сложени случаи, големо меѓународно искуство и во конкретни случаи компаративен пристап. За поддршка на контролорите и обработувачите во насока да се обезбеди нивна подобрена усогласеност за којашто се потребни специфични способности за обучување.

### *6.8.2. Мотивиран тим - работна средина, систем на наградување на вработени (вклучување на голем опсег на алатки за мотивација)*

Во моментов најважниот капитал на Дирекцијата е искусниот професионалниот и посветен тим кој што работи во ДЗЛП. Оваа посветеност, сепак, треба да се претвори во одржлива мотивација, бидејќи знаењето на вработените во Дирекцијата е најголем адут како за контролорите и обработувачите така и во многу други бизниси. Оваа мотивација има различни материјални и нематеријални компоненти и нашата цел е да се најде соодветен пакет на алатки за мотивација.

# 7. Стратешка мапа за следниот период

Стратешката мапа подолу ги резимира сите стратешки изјави кои ги дефиниравме за следниот период.

Постојат неколку активности дефинирани за секоја од целите и задачите, идентификување на сите неопходни чекори што треба да се направат од постоечкиот статус до посакуваната идна состојба.

Стратешките цели треба да бидат стабилни за наредниот период (освен доколку се случат некои непредвидени промени во средината). Целите се дефинирани да бидат стабилни за наредните неколку години, но тие мора да се ревидираат најмалку на секои две години за да се обезбеди флексибилност на стратегијата.

Активностите исто така треба да се ревидираат редовно, земајќи ја предвид нивната временска рамка.



# 8. Следење на напредокот

Еден од факторите за успех на управување со стратегијата во една организација е редовно мерење / следење на напредокот кон целите и задачите.

Со цел да се следи овој напредок се дефинирани сет на индикатори, поврзани со хиерархијата на стратешките цели, целите и акциите / активностите.

- Клучните индикатори на изведба на ниво на стратешките општи и конкретни цели.
- Перформанси или оперативни индикатори, критериуми за успех на ниво на активности.

Во табелата, којашто ги сумираше стратешките цели, исто така се дефинирани задачите, акциите / активностите предложените индикатори / фактори за успех. Почетната и крајната вредност на индикаторите ќе бидат утврдени по утврдување на дефиницијата и изворите на податоци на индикаторите. Вредноста на индикаторите ќе се мери на годишно ниво и ќе биде презентирана во Годишниот извештај за работата на Дирекцијата. Врз основа на резултатите, вредностите на целите ќе бидат ажурирани доколку е потребно.

# 9. АНЕКС 1

# ПРЕДЛОГ
## ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

*2017 - 2022*

*19 октомври, 2017*

***Изработил:*** *Габор Фришман,*
*Виш експерт за спроведување на стратегија*

# СОДРЖИНА

**1. Предложен начин на следење на спроведувањето на Стратегијата** ........ 30

**2. Предложен систем на КПИ** ........ 31
2.1. Вовед ........ 31
2.2. Предложени КПИ ........ 31
2.3. Проценка на напредокот врз основа на КПИ ........ 41

**3. Проценка на критериумите за успех на акциите** ........ 42

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1

Состав на КПИ за независност (член 52 од ГДПР)

## Прилог 2

Пример за извештај за статусот за спроведување на Стратегијата за заштита на лични податоци 2017-2022

## Прилог 3

Пример за извештај за статусот за спроведување на Акциите кои ѝ припаѓаат на Задачата 2.3 …

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| Кратенки | Име |
|---|---|
| **СЕУИМС** | Сектор за ЕУ интеграција и меѓународна соработка (на ДЗЛП) |
| **СПОР** | Сектор за правни и општи работи (на ДЗЛП) |
| **ДПА** | Агенција за заштита на личните податоци |
| **ДЗЛП** | Дирекција за заштита на личнитете податоци |
| **ДПО** | Офицер за заштита на личните податоци |
| **ЕК** | Европска Комисија |
| **ГДПР** | Општа Регулатива за заштита на податоци |
| **ГС** | Генерален секретар (на ДЗЛП) |
| **КПИ** | Клучен индикатор за успешност |
| **ЗЗЛП** | Закон за заштита на личните податоци |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **Зад.** | Задача |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОК** | Обезбедување на квалитет |
| **СЦ** | Стратешка цел |
| **ОО** | Одделение за обука (на ДЗЛП) |

# 1. Предложен начин на следење на спроведувањето на Стратегијата

Разработувањето на Стратегијата за заштита на личните податоци за 2017-2022 е систематска работа, заснована на приодот од горе надолу, почнувајќи од дефинирање на Мисијата на Дирекцијата, завршувајќи со креирање на Акцискиот план. Имплементацијата треба да биде систематски слична, но во спротивна насока. Доколку процесот на разработување е точен, можеме да очекуваме дека со спроведувањето на елементите од Акцискиот план можеме да ги исполниме задачите, а збирот на исполнети задачи ќе резултира со постигнување на стратешките цели. И со тоа, можеме да очекуваме дека визијата ќе се реализира и мисијата на Дирекцијата биде исполнета.




Гледано од страна на имплементацијата, акциите и задачите играат критична улога:

- Мора да провериме дали акциите се имплементирани и
- Мора да провериме, дали со тоа, целите се исполнети или не.

Оттаму, системот на индикатори мора да се концентрира на овие две нивоа на стратешка хиерархија.

За акциското ниво треба да се дефинираат по можност едноставни, "лесни за проверка" индикатори (критериуми за успех), додека за нивото на цели треба да се дефинираат главно нумерички квантитативни индикатори (КПИ - клучни индикатори за успешност), за да се измери вистинското ниво на напредокот кон целта.

Во следните поглавја го опишуваме системот на индикатори и предложуваме метод за оценување на резултатите.

# 2. Предложен систем на КПИ

## *Вовед*

При разработување на стратегијата, дефиниран е збир на КПИ за мерење на нивото на исполнување на стратешките цели и задачи. Во табелата подолу даваме дефиниција, опис и начин на мерење на дадениот КПИ.

Генерално,

- Задачите може да се сметаат за "исполнети", ако поврзаниот КПИ ја исполнува целната вредност, го покажува потребниот развој или е "Да" (во случај на Да / Не индикатор).
- Стратешките цели може да се сметаат за "исполнети", ако сите задачи што им припаѓаат се исполнети.

Практично гледано има две категории на КПИ:

- Квантитативни КПИ: Кои ја покажуваат апсолутната бројка или сооднос, што е релевантен од гледна точка на дадената задача. Многу е важно, овој КПИ да се заснова врз објективна пресметка на фактички податоци. Затоа предложуваме да ги поврзете овие КПИ со бази на податоци / регистри кои се веќе достапни во Дирекцијата или предложуваме да додадете некои информации во овие регистри или да создадете некои едноставни понатамошни регистри / бази на податоци. Повеќето од предложените КПИ се од таква категорија.
- КПИ засновани настани / случувања (од типот на Да / Не): покажувајќи го успехот на збирот на акции, насочени кон едно прашање (како одлуката за адекватност на ЕК).

Има два типа на КПИ:

- Тип на КПИ „Краен резултат": кога вредноста на КПИ е самата Задача, или претставува исполнување на задачата.
- „Тип на управување" КПИ: кога вредноста на КПИ е мерка, која го покажува напредокот кон исполнување на задачата.

## *Предложени КПИ*

Во табелата подолу ги даваме најважните информации за КПИ, дефинирани во Акцискиот план за секоја од Задачите.

| Стратешка цел | Задача | КПИ дефиниција | Опис | Мерење |
|---|---|---|---|---|
| СЦ 1: Република Македонија е признаена како земја која го задоволува потребното ниво на заштита на личните податоци | Зад. 1.1: Постигнување на адекватност (треба да се додели од Комисијата на ЕУ) | Позитивна одлука за адекватност од Комисијата | Задачата исполнета, ако ЕК ја признае земјата како земја со потребно ниво на заштита на личните податоци. Целната „вредноста" е „ДА". Ова е тип на „краен резултат" КПИ високо ниво. | Основано врз одлуката на ЕК. |
| | Зад. 1.2: Хармонизација на законодав-ството (ЗЗЛП во ГДПР, подзаконски акти во новиот ЗЗЛП, секторско законодавство кон новиот ЗЗЛП, второстепеното законодавство до повисоките нивоа) | Бр. на случаи кога бил препознаен конфликт помеѓу ЗЗЛП и секторското законодавство | Може да има случаи, кога за време на инспекција или при постапување со жалби може да се препознае конфликт помеѓу ЗЗЛП и секторското законодавство. Целосна хармонизација може да се преземе, ако не е идентификуван таков конфликт. Затоа целната вредност треба да е 0. Ова е тип на „краен резултат" КПИ високо ниво. | Во базата на податоци за инспекциите и жалбите треба да се регистрираат и главните категории на наоди. Една од категориите треба да биде „конфликтот" помеѓу ЗЗЛП и секторското законодавство". Годишниот број на такви случаи ќе биде утврден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Соодност на усогласеното законодавство (закони и подзаконски акти - врз основа на табела за усогласување) | Паралелно со кодификацијата/ одобрувањето на новиот ЗЗЛП, треба да се подготви табела за усогласување, која ги содржи сите закони и подзаконски акти кои треба да бидат усогласени со новото ЗЛП законодавство, а исто така ќе се дефинира и изборот на времето на хармонизацијата. Почетните и кварталните целни вредности ќе се дефинираат при креирањето на табелата за усогласување. Односот на веќе усогласените ставки е показател за напредокот. Целната вредност е 100%. Ова е "тип на управување" КПИ. | Овој однос треба да се мери врз основа на редовно ажурирање на статусот на хармонизирање во табелата за усогласување. Предложена зачестеност: квартално. |
| СЦ 2: Воспоставување на самоодржувачки систем за заштита на личните податоци | Зад. 2.1: Зајакнување на позицијата како независен надзорен орган (според критериумите на независност дефинирани со новиот ЗЗЛП, врз основа на ГДПР член 52) | Составен КПИ заснован на критериум на „независност“ или | Член 52 од ГДПР го содржи критериумот за независност. Врз основа на тоа, еден создаден индикатор може да се дефинира како што е предложено во **Прилог 1.** Во најповолен случај, неговата вредност е 5, што треба да е целта. Ако е 3, независноста на Дирекцијата е доведена во прашање, под тоа Дирекцијата не е независна. Ова е тип на „краен резултат“ КПИ високо ниво. [2] | Види во прилог. Треба да се направи годишна проценка, преку дефинирање и сумирање на 5 компоненти |

[2] *Сепак се предложува дека група од најзаинтересираните ДПА треба да побараат Работната група 29 да разработи методологија за мерење на независноста на ДПА.*

| Стратешка цел | Задача | КПИ дефиниција | Опис | Мерење |
|---|---|---|---|---|
| | | Годишни извештаи за земјата | Годишните извештаи за земјата (подготвени од страна на ЕК) содржат мислење за независноста на ДЗЛП (врз основа на актуелната Директива, но во иднина врз основа на член 52 од ГДПР). Иако ова мислење не е вистинска мерка, туку само вербална проценка на ситуацијата, може да се претпостави дека извештајот за земјата го покажува статусот на развој кон независност. "Целната вредност" треба да биде изјава со "докажана независност". | Вербална проценка основана врз Годишниот извештај за земјата |
| | Зад. 2.2: Постигнување на статус на Сертифицирано тело (според новиот ЗЗЛП, врз основа на ГДПР член 42-43) | Број на издадени сертификати | По воспоставувањето на системот за сертификација, треба да се постави регистар на сертифицирани контролори и сертифицирани ДПО. Исто така целните вредности треба да се дефинираат од година во година. Интензивниот раст на издадени сертификати е мерка за успешното работење на системот. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Врз основа на регистарот на издадени сертификати може да се дефинира апсолутната вредност на издадените сертификати за дадената година и соодносот помеѓу сертифицираните и сите контролори во дадениот сегмент. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Зад. 2.3:<br>Зајакнување на улогата на Офицерите за заштита на личните податоци (според новиот ЗЗЛП, со обезбедување на поддршка, обуки итн.) | Ниво на задоволство од ДПО (врз основа на редовни анкети) | Анкетата за ДПО треба да се врши секоја година, а дел од анкетата треба да се справи со статусот на ДПО во нивните организации. Врз основа на одговорите може да се дефинира секторски основана и сеопфатна распределба на задоволствата и просечно ниво на задоволство за дадениот временски интервал (на пример, од 0/многу незадоволни/ до 10/многу задоволни/). Со оваа редовна анкета, може да се мери навремениот развој на нивото на задоволство од ДПО. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Врз основа на стандардни прашања од годишната анкета за ДПО. Дистрибуцијата на секторски основаното и севкупно ниво на задоволство и на секторски основаното и севкупно ниво на задоволство може да биде пресметано и прикажано во дијаграми. |
| | | Соодност на сертифицирани ДПО регистрирани во регистарот на ДЗЛП | Треба да се одржува регистарот за ДПО и да му се додаде статусот за (обука и) сертификација на ДПО. Целта е 100%. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Да се изведе од регистерот за ДПО. |
| СЦ 3:<br>Постојано зголемување на јавната свест и култура за заштита на личните податоци | Зад. 3.3:<br>Зголемено ниво на знаење на граѓаните за нивните права за заштита на податоците (предвидена е детална комуникациска стратегија да го поддржи ова) | Соодност на граѓаните кои ги знаат своите права за ЗЛП (врз основа на анкетите за јавното мислење) | Барем секоја втора година треба да се направи јавна анкета за степенот на информираност на граѓаните за нивните права за ЗЛП со дел од стандардни прашања. Врз таа основа може да се измери растот на нивото на свесност. | Основано на стандардни прашања во редовната анкета. |

| Стратешка цел | Задача | КПИ дефиниција | Опис | Мерење |
|---|---|---|---|---|
| СЦ 4: Постојано подобрување на усогласува-њето помеѓу контролорите и обработува-чите на лични податоци. | Зад. 4.1: Подобрување на алатките за одговорност (Проценка за ефектите на заштита на податоците, Приватност по дизајн, Ревизија итн.), што ги поддржуваат контролорите/ обработувачите во спроведување на систем кој е усогласен со правилата на ЗЛП). | Соодност на соодветни контролори | Може да се очекува дека, со примена на поразвиени алатки за отчетност, размерот на соодветните контролори ќе се зголеми. Во базата на податоци за инспекции треба да се регистрира усогласеноста на проверениот контролор. И односот на усогласени контролори наспроти вкупниот број на проверени контролери може да се дефинира. Почетниот размер треба да се дефинира врз основа на почетната студија, а потоа треба да се дефинираат годишни целни вредности, а развојот треба да се мери со соодносот. Ова е тип на „краен резултат" КПИ. | Врз основа на базите на податоци за инспекциите. (но овие бази на податоци треба да се комплетни). |
| СЦ 5: Постојана соработка со партнерите. | Зад. 5.1: Зголемена соработка со државните тела и приватниот сектор | Број на заеднички акции [3] | Во годишниот план за работа на Дирекцијата треба да се планираат и заедничките акции со државните органи и приватниот сектор. Бројот на спроведени заеднички акции ја покажува активноста за соработка и поддршка на Дирекцијата. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Годишен извештај (календар на настани) на Дирекцијата |

[3] *Примери на заеднички активности: работилници, семинари, состаноци за усогласување, заедничка обработка на типични случаи, најдобри практики, настани за подигнување на свеста итн.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Зад. 5.2: Зголемена соработка со НВО | Број на заеднички настани со НВО инволвирани во прашања за ЗЛП | Во годишниот работен план на Дирекцијата треба да се планира и бројот на заеднички настани со НВО. Бројот на спроведени настани ја покажува активноста за соработка и поддршка на Дирекцијата. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Годишен извештај (календар на настани) на Дирекцијата |
| СЦ 6: Зголемена ефикасност на административ-ните постапки | Зад. 6.1: Воведување на нови технологии (како онлајн инспекција, електронско справу-вање со случај итн.) | Сооднос на целосно електронски случаи | Откако ќе се создаде целосна можност за ракување со електронски случаи, треба да се измери соодносот на случаите што се работат без хартија. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Регистер на случаи. |
| | | Сооднос на онлајн инспекции | По креирањето на законските, процедуралните и техничките услови за вршење на онлајн инспекција, треба да се измери соодносот на онлајн инспекциите (инспекции, кои имаат онлајн извршени компоненти) наспроти вкупниот број на инспекции. Ова е „Тип на управување" КПИ. | База на податоци за инспекции. |

| Стратешка цел | Задача | КПИ дефиниција | Опис | Мерење |
|---|---|---|---|---|
| | Зад. 6.2: Подобрување на системот за справување со случаи по службена должност на очигледни/пријавени прекршувања на ЗЛП | Сооднос на случаи кои потекнуваат врз основа на очигледни/пријавени прекршувања на заштита на податоците | Треба да се воспостави база на податоци за очигледни и пријавени прекршувања на заштитата на податоците, регистрирајќи ги "преземените дејствија" кои се однесуваат на секој од предметите. Треба да се измери соодносот на случаите што потекнуваат по службена должност по вкупниот број на предмети во регистарот. Целниот соодност за пријавените прекршувања треба да биде 100%, но за потенцијалните прекршувања целниот однос мора да биде значително помал (поради природата на комуникациите во медиумите). Ова е „Тип на управување" КПИ. | Годишниот размер треба да се измери врз основа на информациите во базата на податоци |
| | Зад. 6.3: Одговори според системот на прашања/одговори | Соодност на случаи спроведени според стандардите | За видовите на случаи, за кои се дефинирани рокови (или со закон/регулатива или со системот за ОК), треба да се измерат времетраењата за ракување со предметите (според регулативата) и да се регистрираат поврзани со случајот. Соодносот на случаи управувани во рамките на крајниот рок треба да се пресметува на годишно ниво. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Врз основа на регистарот на случаи и системот за управување со документи. Во многу такви системи, "официјалното" време за ракување со предметите се пресметува автоматски. Ако не, во тој случај може да се даде рачна проценка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СЦ 7: Ефективно справување со меѓународни прашања | Зад. 7.1: Активна соработка со ДПА на други држави и со Одборот и Комисијата за меѓународни случаи (следејќи ги новите правила за меѓународен трансфер на лични податоци) | Број на заеднички инспекции (privacy sweeps/ индиректни инспекции) водени/ учествувани/ консултирани | Треба да се регистрираат потребите/барањата за "заеднички инспекции" и бројот на спроведени заеднички инспекции со странски ДПА (и активности со Одборот или ЕК). Оваа бројка добро ја покажува меѓународната активност на Дирекцијата. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Регистар на активни меѓународни случаи. |
| СЦ 8: Обучен и мотивиран тим да одговори на предизвиците | Зад. 8.1: Обучен тим - развивање на вештини | Број на ефективни денови за обука по член од персоналот | Обуките и деновите за обука на целиот персонал на ДЗЛП треба да се планираат и да се мерат за секоја година, врз основа на професионалните потреби и план на активности на Дирекцијата. Историјата за обука на секој член на персоналот треба да биде регистрирана. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Врз основа на историјата на обуката |

| Стратешка цел | Задача | КПИ дефиниција | Опис | Мерење |
|---|---|---|---|---|
| | Зад. 8.2: Мотивиран тим -Работна средина, систем за награда на вработените (воведување на широк спектар на мотивирачки алатки) | Соодност на флуктација | Годишниот соодност на флуктуација треба да се пресмета, врз основа на бројот на преостанатите вработени (врз основа на сопствена иницијатива на лицето) наспроти вкупниот број на вработени. Оваа бројка треба да биде што е можно пониска.Ова е „Тип на управување" КПИ. | Врз основа на регистарот за вработување. |
| | | Ниво на задоволство на вработените (врз основа на редовни анкети) | Секоја втора година треба да се спроведе анкета за вработените, која ги вклучува стандардните и актуелните прашања. Стандардните прашања ги опфаќаат компонентите за задоволство на вработените (кои се однесуваат на мотивација, канцелариска инфраструктура, однесување на менаџментот, систем за наградување итн.) Ова е значајна повратна информација за менаџментот. Ова е „Тип на управување" КПИ. | Врз основа на анкетата |

## *Проценка на напредокот врз основа на КПИ*

Горенаведените 22 КПИ се доволни за мерење на напредокот на имплементацијата на Стратегијата.

Проценката на севкупниот напредок треба да се направи на квартална и годишна основа:

- Раководството на Дирекцијата треба да го провери статусот и да ги дефинира корективните чекори на квартална основа.
- Се предложува годишните резултати да бидат претставени и дискутирани на состанок на целиот персоналот веднаш по утврдувањето на годишните резултати, по можност на почетокот на следната година. Ваквите состаноци со сите вработени треба да се користат и за вклучување и активирање на луѓето, за повторно освежување на нивната мотивација и сл.

Доколку не се идентификува напредок (или значителен заостаток) кој се однесува на било која од Задачите, треба да се идентификуваат причините за проблемот и да се дефинираат корективни мерки. Корективните мерки може да бидат:

- доколку приоритетот на Задачата е сè уште висок, а акциите кои помагаат во исполнување на Задачата се сè уште релевантни, тогаш треба да се додели дополнително внимание на управувањете и/или ресурсите, или
- доколку приоритетот на Задачата е сè уште висок, а спроведените акции не резултираат со приближување кон неа, тогаш треба да се ревидира акцискиот план, или
- со проверка на релевантноста на Задачата (без разлика дали ќе добие помал приоритет).

Извештаите за статусот треба да бидат подготвени од мал, но постојан тим. Тие мора да имаат пристап до сите релевантни бази на податоци. Откако ќе ги добијат потребните влезни податоци од базите на податоци, тие ги проверуваат податоците, ги пополнуваат во ексел табелите за пресметување на КПИ (ако самата база на податоци не може да го генерира дадениот КПИ) и ги генерираат потребните дијаграми. Тие исто така го подготвуваат и краткото објаснување (заднина) за напредокот / стагнацијата / заостатокот, и ако имаат некој предлог за подобрување на ситуацијата, тие ги формулираат и овие предлози.

Предложениот пример за Извештајот за напредок е даден во **Прилог 2.**

КПИ од типот на "краен резултат" треба да бидат претставени во Годишниот извештај на Дирекцијата.

# 3. Проценка на критериумите за успех на акциите

Во текот на постапката за детално планирање на акциите, дефинирани се критериумите за успех на секоја од акциите. Критериумот за успех објаснува, кога спроведувањето на акција се смета за задоволително. Во суштина постојат два различни типови на критериуми за успех:

- квантитативни критериуми:
  - о го прикажуваат бројот на имплементирани предмети, наспроти планираниот број
- критериуми засновани врз настан (квалитативни):
  - о покажуват дали се случил однапред дефиниран настан / случување / афера

Конкретните вредности треба да се дефинираат во рамките на годишното планирање, а проценката треба да се прави квартално и веднаш по завршувањето на акцијата (ако е "единствена" акција) или на квартална и годишна основа (во случај на континуирани акции).

Проценката на повеќето квантитативни критериуми за успех е едноставна. Речиси сите податоци за квантитативните критериуми може да се извлечат од различни бази на податоци, извештаи, календари на настани. Може да има некои квантитативни критериуми, кои можат да се потпрат на анкети на јавното мислење, јавни или внатрешни истражувања, каде што добиените податоци се базираат на субјективни мислења. Во овој случај, важно е

- добро да се дефинираат категориите прашања и одговори, за да се минимизираат разликите во толкувањето
- да се користи постојан збир на стандардни прашања, бидејќи само во тој случај можеме да очекуваме податоци, погодни за прикажување на вистинските тенденции
- да се користи широк примерок за анкета, со цел да се намалат статистичките неуспеси.

Со овој општ метод, резултатите од анкетите може да се сметаат за точни и релевантни, дури и ако поединците кои учествуваат во анкетите даваат свое субјективно мислење. Затоа, се советува да се вклучат експерти за анкети во креирањето на прашалници за надворешни или внатрешни истражувања.

Со цел да се обезбеди редовно следење на напредокот, одговорните лица треба да изготват квартални извештаи за напредокот, вклучувајќи утврдување и презентирање на статусот на критериумите за успех. Овие извештаи мора да бидат подготвени и доставени до тимот за известување на КПИ и до спонзорот пред состанокот за напредок во однос на Задачите. Структурата на извештајот за статусот на акциите треба да биде слична на структурата на извештаите за статусот на КПИ. Еден пример е приложен во **Прилог 3**.

# Прилог 1

### Состав на КПИ за независност (член 52 од ГДПР)

*КПИ за независнос*т = **А+Н+Р+П+К**, неговата вредност може да варира од 0…..5. (0 е најлошо, 5 е најдобро)

| Идентификација на компонентата: | Критериуми врз основа на член 52 од ГДПР | Вредност |
|---|---|---|
| **А (Автономија)** | (2) Членот или членовите на секој надзорен орган, при вршењето на своите задачи и извршувањето на нивните овластувања во согласност со оваа Регулатива, остануваат ослободени од надворешно влијание, без оглед дали е директно или индиректно, и нема да бараат ниту да земаат инструкции од никого. | А=1: ако во текот на една календарска година не се случиле ниту обиди за надворешно влијание ниту барање на инструкции<br>А=0: ако во текот на една календарска година се случиле 5 или повеќе обиди за надворешно влијание и / или барање на инструкции |

| Идентификација на компонентата: | Критериуми врз основа на член 52 од ГДПР | Вредност |
|---|---|---|
| **Н (Некомпатибил-ност)** | (3) Член или членови на секој надзорен орган ќе се воздржат од било какво дејство кое е некомпатибилно со нивните должности и за време на нивниот мандат нема да се ангажираат во какво било некомпатибилно работење, било да е доходовно или не. [4] | Н=1: Ако во дадената година немало случаи на некомпатибилност<br>Н=0.5: ако во дадената година имало само решени (или отпуштени или скратени) некомпатибилни случаи<br>Н=0: ако имало најмалку 1 нерешен случај на некомпатибилност |
| **Р (Ресурси)** | (4) Секоја земја-членка ќе осигури дека на секој надзорен орган му се обезбедени човечки, технички и финансиски ресурси, простории и инфраструктура неопходни за ефикасно извршување на неговите задачи и остварување на неговите овластувања, вклучувајќи ги и оние што треба да се спроведат во контекст на меѓусебна помош, соработка и учество во Одборот. | Р=1: доколку се обезбедени сите предуслови дефинирани за дадената година со "Студија за предуслов за спроведување на стратегијата" |
| **П (Персонал)** | (5) Секоја земја-членка ќе осигури дека секој надзорен орган избира и има свој персонал кој ќе биде предмет на ексклузивно упатување на членот или членовите на засегнатиот надзорен орган. | П=1: ако сите активности се вршат со сопствен персонал<br>П=0: ако повеќе од 10% од вклучените лица не се од сопствениот персонал. |
| **К (Контрола)** | (6) Секоја земја-членка ќе осигури дека секој надзорен орган е подложен на финансиска контрола, што не влијае врз нејзината независност и дека има одделни, јавни годишни буџети, кои можат да бидат дел од вкупниот државен или национален буџет. | К=1: ако Дирекцијата има сопствен буџет, исполнувајќи ги условите на „Студија за предуслов за спроведување на стратегијата" |

[4] *Случаите за некомпатибилност треба да се дефинираат од страна на националното законодавство, примери за некомпатибилност: да се биде претставник на некоја политичка партија, позиција во деловна или јавна организација, било какви ангажмани со исклучок на научни и образовни улоги.*

# Прилог 2

*Пример за извештај за статусот за спроведување на Стратегијата за заштита на лични податоци 2017-2022*

**Период на известување:** ..............

**Општа проценка:**
Резиме во неколку реченици за најважните достигнувања и проблеми.

**Извештајот подготвен од:** ..............

**Објаснување на симболите:**

| | |
|---|---|
| ... | нема напредок |
| -- | критичен заостаток/без резултати |
| - | заостаток/некои резултати, но не задоволителни |
| + | умерено подобрување/резултати |
| ++ | големо подобрување/резултати |
| ☺ | Исполнета задача |

Подолу е даден пример за кварталниот/годишниот образец за извештај за статусот. ***(Сите елементи во статусот, деталите, позадината, корекцијата, одговорност се само примери!)***

| Стратешка цел | Задача | КПИ | Статус | Детали | Позадина | Корек-ција | Одгов. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЦ 1: Република Македонија е признаена како земја која го задоволува потребното ниво на заштита на личните податоци | Зад. 1.1: Постигнување на адекватност (треба да се додели од Комисијата на ЕУ) | Позитивна одлука за адекватност од Комисијата | ... | | Сè уште не е започнато, се чека на ЕУ детали | Испрати официјално писмо до ЕК, со барање за информации за тајмингот | ГС |
| | Хармонизација на законодав-ството (ЗЗЛП во ГДПР, подза-конски акти во новиот ЗЗЛП, секторско законодавство кон новиот ЗЗЛП, второстепе-ното законо-давство до повисоките нивоа) | Бр. на случаи кога бил препознаен конфликт помеѓу ЗЗЛП и секторското законодавство | + | да се поврзе со дијаграмот кој покажува годишни бројки | Програмата за усогласу-вање работи добро | | |
| | | Соодност на усогла-сеното законодав-ство (закони и под-законски акти - врз основа на табела за усогласување) | ++ | да се поврзе со дијаграмот кој го покажува кварталниот напредок | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЦ 2: Воспоставување на самоодржу-вачки систем за заштита на личните податоци | Зад. 2.1: Зајакнување на позицијата како независен надзорен орган (според критериумите на независност дефинирани со новиот ЗЗЛП, врз основа на ГДПР член 52) | Составен КПИ заснован на критериум на „независност" или | - | да се поврзе со дијаграм | Нема напредок во службата, платата, обиди за влијание | Покажете извештај за драматичните напори на ДЗЛП и ризи-ците од тоа да не бидете независни од Собранието, повторно да се сретнете со МФ | Дирек-тор |
| | | Годишни извештаи за земјата | - | да се поврзе со релевантниот дел од Извештајот за земјата | | | |
| | Зад. 2.2: Постигнување на статус на Сертифицира-но тело (според новиот ЗЗЛП, врз основа на ГДПР член 42-43) | Број на издадени сертификати | - | да се поврзе со дијаграм / табела | Нема интерес кај контроло-рите; | Изменување на таксата за сертификаци-ја, покажете бенефиции за настани / веб | ГС |

| Стратешка цел | Задача | КПИ | Статус | Детали | Позадина | Корек-ција | Одгов. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зад. 2.3: Зајакнување на улогата на Офицерите за заштита на личните податоци (според новиот ЗЗЛП, со обезбедување на поддршка, обуки итн.) | Ниво на задоволство од ДПО (врз основа на редовни анкети) | - | да се поврзе со дијаграм | во некои секто-ри нема напре-док (недостаток на разбирање и ресурси). Големо подобрување во случај на …. сектор | | |
| | | Соодност на сертифицирани ДПО регистрирани во регистарот на ДЗЛП | | | | | |
| СЦ 3: Постојано зголемување на јавната свест и култура за заштита на личните податоци | Зад. 3.1: Зголемено ниво на знаење на граѓаните за нивните права за заштита на податоците (предвидена е детална комуникациска стратегија да го поддржи ова) | Соодност на граѓаните кои ги знаат своите права за ЗЛП (врз основа на анкетите за јавното мислење) | + | да се поврзе со дијаграм | ТВ-спотовите успешно работат, регионални-от граѓански форум е многу популарен | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зад. 3.2:<br>Зголемен размер на спроведени решенија, што го бара зголемениот број на контролни инспекции | Соднос на отстранетите прекршувања и неусогласености (спроведени исnпекциски решенија) | + | да се поврзе со дијаграм | Новата казнена регулатива работи успешно, а новата контролна надзорска пракса изгледа многу ефикасна | | |
| | Зад. 3.3:<br>Усвојување на секторски кодекси на однесување за ЗЛП, како алатка, поттикнувајќи саморегулација на усогласување за одредени сектори | Број на сектори каде што е воведен и проследен Кодексот на однесување. | | | | | |
| СЦ 4:<br>Постојано подобрување на усогласувањето помеѓу контролорите и обработувачите на лични податоци. | Зад. 4.1:<br>Подобрување на алатките за одговорност (Проценка за ефектите на заштита на податоците, Приватност по дизајн, Ревизија итн.), што ги поддржуваат контролорите/обработувачите во спроведување на систем кој е усогласен со правилата на ЗЛП). | Соднос на соодветни контролори | | | | | |

| Стратешка цел | Задача | КПИ | Статус | Детали | Позадина | Корек-ција | Одгов. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЦ 5: Постојана соработка со партнерите. | Зад. 5.1: Зголемена соработка со државните тела и приватниот сектор | Број на заеднички акции | | | | | |
| | Зад. 5.2: Зголемена соработка со НВО | Број на заеднички настани со НВО инволвирани во прашања за ЗЛП | | | | | |
| СЦ 6: Зголемена ефикасност на администра-тивните постапки | Зад. 6.1: Воведување на нови технологии (како онлајн инспекција, електронско справу-вање со случај итн.) | Соодност на целосно електронски случаи | | | | | |
| | | Соодност на онлајн инспекции | | | | | |
| | Зад. 6.2: Подобрување на системот за справување со случаи по службена должност на очигледни/пријавени прекршувања на ЗЛП | Соодност на случаи кои потекнуваат врз основа на очигледни/ пријавени прекршувања на заштита на податоците | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зад. 6.3:<br>Одговори според системот на прашања/ одговори | Соодност на случаи спроведени според стандардите | | | | | |
| СЦ 7:<br>Ефективно справување со меѓународни прашања | Зад. 7.1:<br>Активна соработка со ДПА на други држави и со Одборот и Комисијата за меѓународни случаи (следејќи ги новите правила за меѓународен трансфер на лични податоци) | Број на заеднич-ки инспекции (privacy sweeps/ индиректни инспекции) водени/ учествувани/ консултирани | | | | | |
| СЦ 8:<br>Обучен и мотивиран тим да одговори на предизвиците | Зад. 8.1:<br>Обучен тим - развивање на вештини | Број на ефективни денови за обука по член од персоналот | | | | | |
| | Зад. 8.2:<br>Мотивиран тим – Работна средина, систем за награда на вработените (воведување на широк спектар на мотивирачки алатки) | Соодност на флуктација | | | | | |
| | | Ниво на задоволство на вработените (врз основа на редовни анкети) | | | | | |

# Прилог 3

**Пример за извештај за статусот за спроведување на Акциите кои ѝ припаѓаат на Задачата 2.3**

*Зајакнување на улогата на Офицерите за заштита на личните податоци (според новиот ЗЗЛП, со обезбедување на поддршка, обуки итн.)*

**Период на известување:** ……………

**Општа проценка:**
Резиме во неколку реченици за најважните достигнувања и проблеми.

**Извештајот подготвен од:** ……………

**Објаснување на симболите:**

| | |
|---|---|
| ... | нема напредок |
| -- | критичен заостаток/без резултати |
| - | заостаток/некои резултати, но не задоволителни |
| + | умерено подобрување/резултати |
| ++ | големо подобрување/резултати |
| ☺ | Исполнета задача |

Подолу е даден пример за кварталниот/годишниот образец за извештај за статусот. *(Сите елементи во статусот, деталите, позадината, корекцијата, одговорност се само примери!)*

| Стратешка цел : 2 | | Воспоставување на самоодржувачки систем за заштита на личните податоци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Задача: 2.3* | *Зајакнување на улогата на Офицерите за заштита на личните податоци (според новиот ЗЗЛП, со обезбедување на поддршка, обуки итн.)* | | **КПИ** *Ниво на задоволство од ДПО (врз основа на редовни анкети) и Сите ДПО регистрирани во регистарот на ДЗЛП се сертифицирани (база на податоци)* | | | *Спонзор: Директор* | |
| **Идентиф.** | **Потребна акција** | **Критериум на успех** | **Период** | **Статус** | **Позадина** | **Корек-ција** | **Одгов.** |
| 2.3.1 | Позиционирање на ДПО со новиот ЗЗЛП | Нов закон во сила | **2017-18** | ☺ | Нов ЗЗЛП усвоен, вклучително и репозицио-нирање на ДПО | | СПОР |
| 2.3.2 | Воспоставување на систем за сертифицирање на ДПО | Сите ДПО сертифицирани до крајот на периодот | **2019 - 2022** Континуирано | ... | Сè уште не е започнато, поради одложување на подзаконскиот акт | Да се забрза подготовката на подзакон-скиот акт | СПОР |
| 2.3.3 | Воспоставување на секторски заснован регистер на ДПО | Воспоставување на сите секторски основани регистри | **2018** Континуирано | + | Поранешниот регистар е ажуриран, нови групи на ДПО се под известување засновано на ЗЗЛП | | СПОР |

| Идентиф. | Потребна акција | Критериум на успех | Период | Статус | Позадина | Корекција | Одгов. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.4 | Поддршка за поставување на секторски засновано вмрежување на ДПО | Најмалку 3 вмрежувања на секторски засновани ДПО се активни во 2018 | **2018 -** | **-** | ДПО се многу зафатени со новиот закон. Но во телекомуникацискиот сектор започната е спонтана соработка | Потребен е повторен тајминг и организација на поставување на настаните | СЕУИМС |
| 2.3.5 | Поддршка за поставување на професионално тело (комора, здружение) на ДПО | Соодност на контролори/ обработувачи кои имаат ДПО како членови на заедничките тела | **2020** | **...** | Сè уште не е започнато (но без одложување!) | | СЕУИМС |
| 2.3.6 | Оддржување на редовни обуки за ДПО | Најмалку секоја втора година сите ДПО добиваат понатамошна обука | **2017** Континуирано | + | 80% од веќе известените ДПО добиле основна обука за новиот ЗЗЛП | | ОО |
| 2.3.7 | „Ден на информација" со највисокото раководство за промовирање на улогата на ДПО | Број на настани | **2018** Континуирано | + | Првите 2 информативни денови се одржаа во сектор за спроведување на законот | | СЕУИМС |